Бр./Nr. 26-1099/4
Датум/Data 04-11-2025

Врз основа на член 27 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и член 4 став 7 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата бр.26-57/1 од 14.01.2025 година, постапувајќи по барањето бр. 26-1099/1 од 06.10.2025 година поднесено од Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, по претходно добиено негативно мислење од Бирото за развој на образованието бр. 26-1099/3; 1100/2 од 03.11.2025 година, Педагошка служба, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За неодобрување на работна тетратка**

1. Барањето бр. 26-1099/1 од 06.10.2025 година за употреба на работна тетратка по наставниот предмет Хемија за IX-то одделение од авторите **Мајк Вустер, Лори Рајан и Роџер Норис**, поднесено преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, **НЕ СЕ ОДОБРУВА.**
2. **НЕ СЕ ОДОБРУВА** за употреба на работна тетратка по предметот Хемија за IX-то одделение од авторите **Мајк Вустер, Лори Рајан и Роџер Норис**, поднесено преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје.
3. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Решение, кое станува извршно со неговата конечност.

**Образложение**

Педагошката служба има примено барање со бр. 26-1099/1 од 06.10.2025 година од страна на Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, за одобрување на работна тетратка по наставниот предмет Хемија за IX-то одделение од авторите **Мајк Вустер, Лори Рајан и Роџер Норис**. Постапувајќи по наведеното барање Педагошка служба, достави допис со бр. 26-1099/2; 1100/2 од 08.10.2025 година до Биро за развој на образованието, за добивање на стручно мислење за исполнетост на Критериумите за вреднување на работната тетратка како и усогласеноста на работната тетратка со наставната програма.

Бирото за развој на образованието до Педагошката служба достави **негативно стручно мислење** бр. 09-1334/3 од 30.10.2025 година, заверен во МОН под бр. 26-1099/3; 1100/2 од 03.11.2025 година во кое е констатирано дека работната тетратка по наставниот предмет Хемија за IX-то одделение од авторите **Мајк Вустер, Лори Рајан и Роџер Норис** не ги задоволува во целост некои од индикаторите од Критериумите за вреднување на работна тетратка. Според тоа и имајќи предвид дека согласно Критериумите за вреднување на работна тетратка, работна тетратка добива позитивно мислење само доколку секој индикатор достигнал максимално задоволително ниво, односно е оценет со највисока оценка и сосема ги задоволува барањата.

Согласно со член 5 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, во рамки на училиштето е строго забрането директно продавање или посредување при продажба и дистрибуција на работни тетратки преку службите на училиштето, наставниците или друг вработен кадар.

Врз основа на погоре наведеното Стручно мислење, како и одредбите од Законот за учебници во основно и средно образование и Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, Педагошка служба одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против оваа Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

**Директор на Педагошка служба,**
**м-р Роберт Аџипетров**

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања